РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Сектор за урбанизам и градежно земјиште**
**Одделение за урбанистичко планирање**
**Бр.28-3/326/5 од 27.01.2025 год.**
**С К О П Ј Е**

**Предмет: ЈАВЕН ПОВИК**

Врз основа на член 50 став (3) од Законот за урбанистичко планирање (''Сл.весник на РСМ'' бр.32/2020, бр.111/2023, бр.171/2024 и бр.224/24), Општина Гази Баба доставува:

**ЈАВЕН ПОВИК ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА**
**ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА**

Се известуваат граѓаните, сите заинтересирани правни и физички лица од подрачјето опфатено со планот, подрачјата соседни на планскиот опфат, широката јавност, претставници на стручната јавност, претставници од органи на државна управа, претставници на единиците на локална самоуправа, стручни лица од невладини организации и други стручни лица од областа што е релевантна за планирањето и за конкретниот плански опфат, дека Општина Гази Баба организира

**ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА**
**по Предлог ДУП за Градска Четврт СИ 01 Блок 03, Општина Гази Баба – Скопје**

Нацрт – Детален урбанистички план за градска четврт СИ 01 Блок 03, Општина Гази Баба – Скопје изработен од ДАД "УРБАНКОН" ДООЕЛ Скопје, со тех.бр. У-175/23 од Јули 2024 година со површина на опфат од 10,395 ха., е утврден од страна на Советот на Општина Гази Баба со ОДЛУКА бр.09-5899/17 од 30.10.2024 година.

Предлог - Детален урбанистички план за градска четврт СИ 01 Блок 03, изработен од ДАД "УРБАНКОН" ДООЕЛ Скопје, со тех.бр. У-175/23 од јануари 2025 година со површина на опфат од 10,395 ха, не претрпе значајни промени во однос на Нацрт ДУП-от. Повторната Јавна презентација и јавна анкета се спроведува како резултат на направена Техничка грешка, согласно Решение за исправка на грешка бр.28-3/605/13 од 16.12.2024 година.

Границите на планскиот опфат се:

- од север: со транзитна магистрала Бул. “Александар Македонски”,
- од североисток со сервисна улица С3 “А” и С3 “Б”, односно ул.”Благоја Стефковски” (ул. “Магдалена Антова”)
- од југоисток со градска магистрала ул. “15-ти Корпус” и
- од југозапад со сервисна улица С2 “А” и С2 “Б”. Улиците С2-“А” и С2-“Б” (улица “1658”)

Во рамките на Предлог - Детален урбанистички план за градска четврт СИ 01 Блок 03, се предвидени следните класи на намена:

- Б – комерцијални и деловни намени
  - Б2 – големи единици за трговија (над 200м$^2$ и/или повеќе од П+1 кат)

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

- Б4 – деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради

- В – јавни дејности и институции
  - В1 – образование и наука
  - В3 – култура
- Д – зеленило, рекреација и меморијални простори
  - Д1 – парковско и пејсажно зеленило
  - Д2 – заштитно и сообраќајно решение
- Е - инфраструктури
  - Е1 – сообраќајни, линиски и други инфраструктури

**Повторната ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА на Предлог - Детален урбанистички план за Градска Четврт СИ 01 Блок 03, Општина Гази Баба – Скопје, ќе се одржи на ден 13.02.2025 год. со почеток во 10.00 часот во просториите на Општина Гази Баба, барака 8 (голема сала).**

**Повторната ЈАВНА АНКЕТА по Предлог - Детален урбанистички план за Градска Четврт СИ 01 Блок 03, Општина Гази Баба – Скопје, ќе трае 10 работни дена и тоа во период од 11.02.2025 год. до 24.02.2025 год.**

Повторната Јавна анкета се спроведува и во електронска форма и во хартиена форма. Јавната анкета во електронска форма се спроведува преку информацискиот систем е-урбанизам и преку службената веб страна на Општина Гази Баба (www.gazibaba.gov.mk) , а во писмена форма се спроведува со излагање на планот во просториите на Урбаната заедница "Маџари 1".

Графички прилог на Предлог Детален урбанистички план за градска четврт СИ 01 Блок 03, Општина Гази Баба – Скопје ќе биде изложен во просториите на Урбаната заедница "Маџари 1", секој работен ден од 8,00 часот до 16.00 часот, а ќе биде достапен и во просториите на Општина Гази Баба, Сектор за урбанизам и градежно земјиште, Одделение за урбанистичко планирање.

Учесниците во повторната јавна анкета можат своите забелешки и предлози на Предлог планот да ги доставуваат на донесувачот во писмена форма преку анкетни листови до Урбаната заедница "Маџари 1", преку информациски систем е-урбанизам, како и по електронски пат до веб адресата на Општината, само во определениот рок за времетраење на повторната Јавна анкета.

Се со цел навремено доставување на писмени забелешки, предлози или мислења преку анкетни листови и активно учество на повторната јавна презентација и јавна анкета, Ве покануваме да присуствувате на повторната Јавна презентација.

Доколку во определениот рок не ги доставите анкетни листови, ќе се смета дека немате никакви забелешки, предлози и мислења по Предлог ДУП за градска четврт СИ 01 Блок 03, Општина Гази Баба – Скопје.

Со почит,

Изготвил:
Катерина Велков, диа

Раководител на сектор

Александар Јанакиески, диа

ГРАДОНАЧАЛНИК

Бобан Стефковски